Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
# МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ – Скопје

Бруцошите ги поздрави Деканот на МФ, Проф. Д-р Милан Ќосевски и им посака успешни студентски денови.

Во рамки на свеченоста беа наградени најдобрите бизнис планови во рамки на вториот натпреварувачки циклус организиран од страна на Центарот за нови бизниси на УКИМ. Притоа награди им беа доделени на студентите кои ја завршиле I, II и III година на студии со најдобар успех.

## АКТИВНОСТИ НА Центарот за нови бизниси на УКИМ

Во рамките на Центарот за нови бизниси на УКИМ, во периодот мај-септември се реализираше вториот циклус на натпревар за најдобар бизнис план, а резултатите се следните:

Победник е компанијата „IMG” која ќе се занимава со одгледување на кози, производство на козјо млеко и млечни производи.



Листата на 5те најдобри изгледа вака:

1. IMG (I награда) 3000EUR
2. Gestalt Solutions (II награда) 2000EUR
3. Nobel Management (II награда) 2000EUR
4. ДМФ училиште (III награда) 1500EUR
5. ReConMak (III награда) 1500EUR

Покрај наградите од Центарот, он.нет како партнер во натпреварот, додели 1 годишни пакети за интернет на 5те фирми.

SEC инкубаторот додели награда од 1000 евра за најдобриот бизнис план во ИКТ областа - ИДТ компјутери и бесплатни SkillSoft обуки во областа на менаџментот за сите 10 финалисти од натпреварот.

## КОНКУРСИ

Во тек е конкурс распишан од страна на Youth Educational Forum, за доделување на стипендии за неколкунеделен престој на Универзитетот во Оксфорд во рамките на Oxford Colleges Hospitality Scheme за наставен кадар од високообразовните институции во Македонија. Конкурсот е отворен до 09.11.2007 и е објавен на огласната табла во Деканатот на МФ

## Конференција во рамки на TEMPUS QUALIMUM проектот

На 25.10.2007, во Ректоратот на УКИМ се оддржа промотивна и завршна конференција во рамки на активностите на TEMPUS QUALIMUM проектот, каде координатор е Машинскиот факултет, контрактор институција е Техничкиот универзитет од Виена, Австрија, а партнери на Конзорциумот се: Фраунхофер Институтот од Штутгард, Германија и четири универзитети од РМ.

## CEEPUS

Во октомври 20076, на МФ престојуваа проф. Иванов Македонски и проф. Ѓорѓи Попов од ТУ Софија, во рамките на CEEPUS програмата.

## ПРОФЕСИОНАЛНИ СТУДИИ

Во текот на месец септември 2007 дипломираа првите три студенти на професионалните студии на МФ, организирани во согласност со ЕКТС, а кои стартуваа во учебната 2004/2005 година.

## ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Студентите од насоките МВ, ТМЛ и ИНД во текот на октомври 2007 реализираа теренска настава во Германија. Притоа ги посетија Johnson Controls во Rastatt, музејот на Мерцедес Бенз, ИТМ во Штутгарт, Iveco во Улм и MAN во Минхен.

## ЕКСКУРЗИЈА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

МФС организираше екскурзија за вработените која се реализираше на 23.10.2007. Цел на екскурзијата беше посета на природните убавини во реонот на Вевчани. Добрата организација придонесе екскурзијата да помине во одлично расположение.



## О Т С У С Т В А

Во тек на 9 и 10 месец службени патувања во странство заради студиски или стручен престој остварија:

1. Проф д-р Марко Серафимов во Србија.
2. Проф д-р Зоран Пандилов во Виена, Австрија.
3. Доц. д-р Атанас Кочов во Босна и Херцеговина.
4. Проф. д-р Јован Гочев и вон. проф. д-р Валентино Стојковски во Кина.
5. Доц. Д-р Игор Ѓурков и пом. асс. Кристина Јакимовска во Германија
6. Доц. д-р Дарко Данев во Италија.
7. Проф. д-р Делчо Јованоски во Украина и Грција.
8. Проф д-р Драги Данев и проф. д-р Милан Ќосевски во Чешка, Германија и Словенија.
9. Вон. проф д-р Зоран Богатиноски и доц. д-р Ѓорѓи Аџиев во Словенија.
10. Проф. д-р Атанаско Тунески во Солун, Грција.
11. Проф. д-р Александар Ношпал во Србија.
12. Вон. проф. д-р Радмил Поленаковиќ во Грција
13. Доц. д-р Ристо Филкоски во Србија.
14. Проф. д-р Илија Петровски во Србија
15. Вон. проф. д-р Јасмина Чалоска во Бугарија.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**25.10.2007**
**33 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

**Техничко уредување:**

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2007, октомври, број 64**

# ФАКУЛТЕТСКИ ИНФОРМАТОР

## ПРВ СВЕЧЕН ЧАС

На 1 Октомври 2007 година во Амфитеатарот на Машинскиот факултет се оддржа првиот свечен час за новозапишаната генерација на студенти во учебната 2007/2008 година. Свеченоста ја поздравија и со свое обраќање учествуваа Премиерот на Владата на Република Македонија м-р Никола Груевски, Ректорот на Универзитетот Св.Кирил и Методиј Проф. Д-р Ѓорѓи Мартиновски и г-дин Питер Лампезис од УСАИД, Македонија.

